ДС СМИТХ
-АД-Скопје
Бр. 03-2510
29.07.2021год.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА "ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ" ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2021 ГОДИНА

Во периодот од 01.01 до 30.06.2021 година ДС Смитх АД Скопје оствари позитивен финансиски резултат од 23.441 илјади денари.

Во првата половина од тековната година остварени се вкупни приходи од продажба 423.593 илјади денари, кој во однос на 2020 е поголем за 13%. Вкупните приходи се резултат на зголемена продажба на домашен пазар за 6%, односно зголемена продажба на странски пазар во висина од 25%.

Друштвото оствари останати приходи 4.478 илјади по основ на наплата на отпишани побарувања од купувачите, како и позитивни курсни разлики.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 402.356 илјади денари, кои во однос на 2020 се зголемени за 18%. Зголемувањето/намалувањето на расходите гледано по сегменти следи:

- Зголемени трошоци на суровините и материјалите 27%, е резултат на пораст на цената на суровината која е по основ на берзанските движења;
- Услугите со карактер на материјални трошоци се повисоки за 23% од минатата година, како резултат на зголемени транспортни услуги и услуги за одржување и заштита;
- Зголемување на останати нематеријални трошоци;
- Зголемување на амортизација од 4% поради зголемување на вредноста на основните средства (резултат на континуирано инвестиционо вложување).

Во однос на претходната година ДС Смитх, АД Скопје нема промена во сметководствените политики и методите на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

Промени во кредитната задолженост на Друштвото споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи нема. Неплатените краткорочни обврски кон поврзани страни се намалени.

ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ

Друштво за производство
на хартија и амбалажа
ДС СМИТХ
-АД- Скопје